

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 60,
МЕСЕЦ
ЈУЛИ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО ИНВЕСТИРААТ И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ. АКТИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО С.БОХУЛА СО ДОЛЖИНА ОД 450 МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ И НА КОЛЕКТОРОТ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ!
Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВРШАТ ПОСТАВУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРОТ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ, КОЈ ЌЕ БИДЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 400 М СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф400 И ДЕЛ Ф315, А ИСТИОТ ЦЕЛОСНО ГО ИЗВЕДУВА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ.



ГРАДЕЖНАТА ГРУПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.
СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИОТ ТРОТОАР СО ТОА ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЕ ПРОСТОР ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА АВТОБУСИТЕ ОД СООБРАЌАЈОТ ПРЕД АВТОБУСКАТА ПОСТОЈКА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРИСТАПНИОТ МОСТ ДО СПОМЕНИКОТ "12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ". СЕ АСФАЛТИРА ПОВРШИНА ОД 150 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



ГРАДЕЖНАТА ГРУПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.
СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИОТ ТРОТОАР СО ТОА ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЕ ПРОСТОР ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА АВТОБУСИТЕ ОД СООБРАЌАЈОТ ПРЕД АВТОБУСКАТА ПОСТОЈКА.
СО ТОА ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА И НА СООБРАЌАЈОТ И НА ГРАЃАНИТЕ ШТО КОРИСТАТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ.



НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ.СОЛУНСКА ГЛАВА.
СЕ ЗАПОЧНА СО РАСЧИСТУВАЊЕ И СРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА КОЈ ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.РЕСАВСКА.
ВО ТЕК Е ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.РЕСАВСКА. СЕ ГРАДАТ НОВИ ТРОТОАРИ И НОВ КОЛОВОЗ СО ПОВРШИНА ОД 1240 МЕТРИ КВАДРАТНИ, УЛИЦАТА ЌЕ ДОБИЕ И НОВ ДРВОРЕД.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ПРОЕКТОТ Е 3.740.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ОДНОСНО СЕ ИЗВРШИ ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА ОД АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА. СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ РЕШЕТКИ, СО ШТО ПРОБЛЕМОТ СО ВОДИТЕ НА ОВИЕ ГРАЃАНИ ЌЕ БИДЕ РЕШЕН.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОМПЛЕТНО НОВИ ШАХТИ ВО СЕЛО БОХУЛА, ВО ДОЛЖИНА ОД 520М2 СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф 315.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ.



ЗАПОЧНУВА ИЗГРАДБАТА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „4 ЈУЛИ" НА 150М2, НА КОЕ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. ИЗЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП




Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СО ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ РАБОТЕА НА ТАМПОНИРАЊЕ НА СИТЕ КРИТИЧНИ МЕСТА НА ПАТОТ БОХУЛА – РАДЊА СО ОКОЛУ 400 М3 ЛОКАЛЕН ТАМПОН.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ИНТЕНЗИВНО РАБОТАТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ.
ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОМПЛЕТНО НОВИ ШАХТИ ВО СЕЛО БОХУЛА, ВО ДОЛЖИНА ОД 520М2, НО И ПАРАЛЕЛНО СЕ РАБОТИ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ, И ТОА ВО ДОЛЖИНА ОД 800 М2.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ!



ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОДНОСНО ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ ОКОЛУ ЦРКВА „СВЕТИ ДИМИТРИЈ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ.„БРАЌА ЦУНОВИ" СО ПОВРШИНА ОД 185М$^2$ КАДЕ НА ИСТОТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦА „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ НА ПОВРШИНА ОД 800М2.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ

ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД. ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ.



ПО БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НА СЕЛО ДРАГОЖЕЛ, ДЕНЕС ЗАПОЧНА САНАЦИЈАТА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО СЕЛОТО СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО МАРЕНА ВО СКЛОП НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА И ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ КОЕ ЗАФАЌА ПОВРШИНА ОД 85 $М^2$. НА ИСТОТО ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ГУМЕНА ПОДЛОГА И НОВА УРБАНА ОПРЕМА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП



ВО СОРАБОТКА СО ОВР КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ А СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КОМПАНИЈА ЈА-МИ, ДЕНЕС СЕ РАБОТИ НА ЧИСТЕЊЕ НА ПАТОТ ГЛИШИЌ - МАРЕНА ПОРАДИ НЕПРЕГЛЕДНОСТ ОД ДРВЈАТА И ОФОРМУВАЊЕ НА КАНАВКИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, НА ПОТЕГОТ ГЛИШИЌ-МАРЕНА ВО ДОЛЖИНА ОД ЕДЕН КИЛОМЕТАР, ПАТНИОТ ПРАВЕЦ И ДВЕТЕ НАЈНЕПРЕГЛЕДНИ КРИВИНИ СЕ ИСЧИСТИЈА ОД ДРВЈА И СЕ ОФОРМИЈА КАНАВКИ, СО ШТО Е ПОДОБРЕНА ПРЕГЛЕДНОСТА И СО ТОА НАЈВАЖНО, БЕЗБЕДНОСТА ЗА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ.
ВАКА СЕ САКА СВОЈОТ ГРАД!



ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА УЛИЦА ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН, ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 200М2, СПОРЕД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



РУШЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ И ПОДГОТОВКИ ЗА НОВО АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛИЦА „ЃОРЃИ СОКОЛОВ" НА ПОВРШИНА ОД 3500М2 КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА".
НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕЛО СОПОТ ЌЕ ДОБИЕ НОВО ДЕТСКО КАТЧЕ ЗА НАЈМАЛИТЕ И НАЈМИЛИТЕ! ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ ВО СЕЛО СОПОТ, КОЈ ЌЕ БИДЕ ПРЕНАМЕНЕТ ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА НА ПОВРШИНА ОД 170М2. ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА БОШКОСКИ И ТОШЕСКИ ИНЖЕНЕРИНГ-ТЕРАКОТА ПРИЛЕП.



СЕ ПРОДОЛЖУВА СО САНИРАЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ВО ИЗМИНАТИТЕ ДЕНОВИ, А И ДЕНЕС СЕ ВРШИ КРПЕЊЕ НА УДАРНИТЕ ДУПКИ НА УЛИЦИТЕ: ШИШКА, ПРАВЕДНИЧКА, ЃОРЕ БРУШАНСКИ, ЗАДРУГАРСКА, ВАСИЛ ГЛАВИНОВ, ДИМЕ ТУРИМАНЏОВ, ЗАПАДЕН БУЛЕВАР, ЉУБАШКА, ЈОВАН ПЛАНИНСКИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ИНФЕСТ ГРУП СКОПЈЕ.



ОД СТРАНА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ ПОСТАВИЈА 10 НОВИ МРЕЖЕСТИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА КАРТОНСКА АМБАЛАЖА ОДНОСНО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ НА СЛЕДНИТЕ ЛОКАЦИИ:

- УЛ. ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ (ПРЕД ЦИМ ТРЕЈД)
- УЛ. ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ (ДО АДМИРАЛ)
- УЛ. ИЛИНДЕНСКА (ДО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ПРЕД СЕНАТОР)
- УЛ. ИЛИНДЕНСКА (ДО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ СПРОТИ УНИ БАНКА)
- УЛ. ИЛИНДЕНСКА СПОЈ СО УЛ. МАКСИМ ГОРКИ
- УЛ. ИЛИНДЕНСКА (КРУЖЕН ТЕК САШО ГЕШОВСКИ)
- БУЛ. МОША ПИЈАДЕ СПОЈ СО УЛ. ИЛИНДЕНСКА
- БУЛ. КОЧО РАЦИН (ПРЕД АПИДО)
- УЛ. 7МИ СЕПТЕМВРИ СПОЈ СО УЛ. 1ВИ МАЈ
- УЛ. 7МИ СЕПТЕВРИ (ПРЕД АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ).



СЕ ИЗВЕСТУВААТ И ЗАМОЛУВААТ СИТЕ ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ЌЕ ДЕПОНИРААТ ОТПАДНА ХАРТИЈА ВО НИВ, ИСТАТА ДА БИДЕ УРЕДНО РАСПАКУВАНА И ПОДРЕДЕНА.
ИСТО ТАКА СЕ ИНФОРМИРААТ ГРАЃАНИТЕ ДЕКА Е ЗАБРАНЕТО ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАДНА ХРАТИЈА (КАРТОНСКА АМБАЛА) ВО КОНТЕЈНЕРИТЕ КОИ ШТО СЕ НАМЕНЕТИ ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ПОСТАВАТ ВАКВИ МРЕЖЕСТИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ХАРТИЈА УШТЕ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ЗА ШТО ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ГИ ИНФОРМИРАМЕ ГРАЃАНИТЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„ДИСАНСКА", ОДНОСНО ПАТОТ ДО СПОМЕН КОСТУРНИЦА, НА ПОВРШИНА ОД 2200 М2. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



ОД СТРАНА НА ГРАДЕЖНА ГРУПА ПРИ Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ НА ТЕРЕН СЕ РАБОТИ НА ИЗВОДИ ЗА ДОВОД, ОДВОД И ПОСТАМЕНТИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА 7 НОВИ ФОНТАНИ ВО ГРАДОТ.



СЕ ТАМПОНИРА УЛИЦАТА „ЃОРЃИ СОКОЛОВ" НА ПОВРШИНА ОД 3500М2 КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА", ПО ШТО СЛЕДИ ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ИСТАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ НА ЧЕЛО СО ДИРЕКТОРОТ ГОЦЕ АНГЕЛОВСКИ, ЈА ПРИМИ ДОНАЦИЈАТА – 400 СМАРТ ВОДОМЕРИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 75.000 ЕВРА, ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ВОДНИ УСЛУГИ"ВО СОРАБОТКА СО ГИЗ ГЕРМАНСКИ ИНСТИТУТ ЗА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА И МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА, НА ПОТЕГ ОД НАСЕЛБА ГЛИШИЌ ДО СЕЛО МАРЕНА. СЕ ОТСТРАНУВА ОГРОМНА КОЛИЧИНА НА НАРАСНАТА ВЕГЕТАЦИЈА, ТИЊА И ШУТ, СО МЕХАНИЗАЦИЈА КОЈА Е ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА АНЕЛ МАГ




ПРОДОЛЖУВА ИНТЕНЗИВНАТА ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕНИОТ БАЗЕН КОЈ Е НА ЛОКАЦИЈА НА ПОРАНЕШНА ЛАЛУНА.
БАЗЕНОТ ЌЕ БИДЕ СО ДИМЕНЗИИ ОД 25/9 И ДЛАБОЧИНА ОД 1.20 МЕТРИ И ИСТИОТ ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, НО И РЕКРЕАТИВНО ЌЕ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ И СИТЕ ОСТАНАТИ ГРАЃАНИ.



ВО ТЕК СЕ ПОДГОТОВКИТЕ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„ДИСАНСКА", ОДНОСНО ПАТОТ ДО СПОМЕН КОСТУРНИЦА, НА ПОВРШИНА ОД 2200 М2.
ОВОЈ ПРОЕКТ Е ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„РЕСАВСКА". СЕ ГРАДАТ НОВИ ТРОТОАРИ И НОВ КОЛОВОЗ СО ПОВРШИНА ОД 1240 МЕТРИ КВАДРАТНИ, И УЛИЦАТА ЌЕ ДОБИЕ И НОВ ДРВОРЕД.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ПРОЕКТОТ Е 3.740.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РАЗУБАВУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

ПОСТАВУВАЊЕ САКСИИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, КОИ ПОСАДЕНИ ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ ОЗЕЛЕНАТ И СО ТОА ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА УБАВИОТ ИЗГЛЕД НА НАШИОТ ГРАД.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТАТА Е ФИРМАТА МЕНГО ГРАДБА ДООЕЛ С. ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД.






ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ, ПАКОМАК И ЛЕКСУС СПРОВЕДУВААТ АКЦИЈА ЗА ДОНИРАЊЕ НА 120 КАНТИ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАД. КАНТИТЕ ЌЕ БИДАТ ДОДЕЛЕНИ СО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ, ИСТИТЕ ЌЕ СЕ ПРАЗНАТ ЕДНАШ НЕДЕЛНО, ПО ПОТРЕБА И ПОЧЕСТО, СО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ВОЗИЛА НА ФИРМАТА ЛЕКСУС. ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПИЛОТ ПРОЕКТ Е ДА СЕ ПОТТИКНЕ СВЕСТА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ НА ОТПАДОТ А СО ТОА И ЗНАЧИТЕЛНО ДА СЕ НАМАЛИ КОЛИЧИНАТА НА ОТПАД НА ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА, КОЈ ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ РЕУПОТРЕБЕН, СО ШТО СЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА ПОЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА.



РАЗУБАВУВАЊЕ НА КАВАДАРЦИ

ОТКАКО ГРАДЕЖНАТА ГРУПА ПРИ ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА ИЗВОДИ ЗА ДОВОД, ОДВОД И ПОСТАМЕНТИ, ДЕНОВИВЕ СЕ ПОСТАВИЈА 4 НОВИ ФОНТАНИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, А ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД СЕ ОЧЕКУВА ДА СЕ ПОСТАВАТ УШТЕ НА ТРИ НОВИ ЛОКАЦИИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТАТА Е ФИРМАТА МЕНГО ГРАДБА ДООЕЛ С. ЛЕСКОЕЦ, ОХРИД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЕКИПИ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ИНТЕНЗИВНО РАБОТАТ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПАДНАТИ СТЕБЛА И НАНОСИ НА ЃУБРЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КРАТКОТО НЕВРЕМЕ.



НА ТЕРЕН СЕ ЕКИПИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ И ВОДОСТОПАНСТВО ТИКВЕШ КАДЕ ВО МОМЕНТОТ РАБОТАТ НА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПАДНАТО СТЕБЛО ПО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ВО БЛИЗИНА НА НАСЕЛБА ГЛИШИЌ.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ИНТЕНЗИВНО РАБОТАТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ.
ВО ТЕК Е ПОСТАВУВАЊЕТО НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОМПЛЕТНО НОВИ ШАХТИ ВО СЕЛО БОХУЛА, ВО ДОЛЖИНА ОД 520М2, НО И ПАРАЛЕЛНО СЕ РАБОТИ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ, И ТОА ВО ДОЛЖИНА ОД 800 М2.



ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ!

ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛ.„РЕСАВСКА" ОТКАКО ИСТАТА БЕШЕ ПРЕТХОДНО РЕКОНСТРУИРАНА СО ШТО СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ТРОТОАРИ И НОВ КОЛОВОЗ СО ПОВРШИНА ОД 1240 МЕТРИ КВАДРАТНИ, А УЛИЦАТА ЌЕ ДОБИЕ И НОВ ДРВОРЕД.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ПРОЕКТОТ Е 3.740.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





СРЕДБА НА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ЦЕЛТА НА ОВАА СРЕДБА Е, ОД ЕДНА СТРАНА ДА ЈА ПОПУЛАРИЗИРАМЕ РАБОТАТА НА ЛЕСС ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА, А ОД ДРУГА СТРАНА ДА СОЗДАДЕМЕ МОЖНОСТИ ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛЕСС ПОДОБРО ДА СЕ ЗАПОЗНААТ МЕЃУСЕБЕ, ПОБЛИСКУ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО ЛОКАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ОПШТИНИТЕ И ЛОКАЛНИОТ КОНТЕКСТ ВО КОЈ ФУНКЦИОНИРААТ, ДА СЕ РАЗМЕНАТ ПРАКТИКИ И ИСКУСТВА И ДА СЕ РАЗВИЕ ДИСКУСИЈА ЗА МОЖНА СОРАБОТКА ВО ИДНИНА.

АКТИВНОСТА СЕ РЕАЛИЗИРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА“ СО ПОДДРШКА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ЦЕНТАР

ОЛОФ ПАЛМЕ ОД ШВЕДСКА.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ЕДИНСТВЕНАТА ОПШТИНА СО 70 % ПО ОСТВАРУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИ ПЕРФОРМАНСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!

СПОРЕД АНАЛИЗАТА НАПРАВЕНА ОД ЦЕНТАРОТ ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ СО ПОДДРШКА НА АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА НА САД ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ (УСАИД) ВО ВРСКА СО РАНГИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ СПОРЕД АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ ВО 2024 ГОДИНА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ОПШТИНАТА НА ВРВОТ СО НАЈДОБРИ ПЕРФОРМАНСИ, ОДНОСНО 70 % СПОРЕД ОСТВАРУВАЊАТА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ МЕРКИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, ПО ШТО СЛЕДУВААТ И ОСТАНАТИТЕ.




ДЕНОТ ПО УТРОТО СЕ ПОЗНАВА

ПО ПРИЈАВА ОД ГРАЃАНИ ДЕКА ВИКЕНДОТ ШТРК ПАДНАЛ ОД СВОЕТО ГНЕЗДО И ВО МЕЃУВРЕМЕ БИЛ ЗГРИЖЕН ОД СЕМЕЈСТВО, ДЕНЕС СЛУЖБИТЕ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ ИМАА БЛАГОРОДНА РАБОТА И ГО ВРАТИЈА ВО СВОЕТО ГНЕЗДО

СРЕЧКО Е ДОМА



РСБСП ВО СОРАБОТКА СО МВР, ОСБСП КАВАДАРЦИ И МОТО КЛУБОТ ТИКВЕШ РАЈДЕРС ОД КАВАДАРЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА КАВАДАРЦИ СПРОВЕДОА СООБРАЌАЈНО ПРЕВЕНТИВНО ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА „НОСИ КАЦИГА". ВО РАЗГОВОР СО ГРАЃАНИТЕ БЕШЕ УКАЖАНО НА ВАЖНОСТА ДА СЕ НОСИ КАЦИГА,ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО МОТОЦИКЛ И ВЕЛОСИПЕД. ЦЕЛИОТ НАСТАН ИМА ЗА ЦЕЛ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНАТА КУЛТУРА КАЈ СИТЕ ГРАЃАНИ. БЕА ДЕЛЕНИ ФЛАЕРИ И ДРУГ ЕДУКАТИВЕН МАТЕРИЈАЛ.



# НАСТАНИ

СОС ДЕТСКО СЕЛО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА И ФОНДАЦИЈАТА ХЕРМАН ГМАЈНЕР ГО ИМПЛЕМЕНТИРА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ 2". ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ЗАЈАКНЕ МЛАДИ ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ И ДА ИМ ГО ОЛЕСНИ ПРИСТАПОТ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ. ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ НА МЛАДИТЕ ЛИЦА ДОСТАПНИ ИМ СЕ БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ И ВРАБОТЛИВОСТ, КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ОД ЛИЦЕНЦИРАНИ КАРИЕРНИ СОВЕТНИЦИ, ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА, ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА КУРСЕВИ, ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА МОЖНОСТИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО И ВРАБОТУВАЊЕ.

ЕДНА ОД ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ Е ДА ПРИДОНЕСЕ КОН ПОДОБРЕНИ ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА СОЦИО-ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК.



КОЖУВЧАНКА ДОО ДОНИРАШЕ ИЗВОРСКА ВОДА НА АРМИСКИОТ ПОЛИГОН КРИВОЛАК!

КРИВОЛАК Е АРМИСКИ ПОЛИГОН ЗА ВОЕНИ ВЕЖБИ ВО МАКЕДОНИЈА КОЈ Е ИЗГРАДЕН УШТЕ ПРЕД 70-ИНА ГОДИНИ.

КАПАЦИТЕТИТЕ НА САМИОТ ПОЛИГОН СЕ ПОГОДНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ОБУКИ И СТРЕЛБИ, КАКО ШТО Е СТРЕЛАЊЕ СО ПОВЕЌЕ ВИДОВИ ОРУЖЈЕ, СТРЕЛАЊЕ ОД АВИОНИ, ТАКТИЧКИ ВЕЖБИ НА НИВО НА БАТАЛЈОН, ОБУКА НА ИНЖЕНЕРСКИ ЕДИНИЦИ, ОБУКА НА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ, РАБОТА НА КОНТРОЛНА ТОЧКА, ОБУКА ЗА КОНВОИ, ОБУКА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ВОДНИ ПРЕПРЕКИ И ДРУГИ ВИДОВИ ОБУКА.

"МИСИЈАТА НА ПОЛИГОНОТ КАКО ЦЕНТАР ЗА ОБУКА Е ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ПОДДРШКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБИТЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА НАШАТА АРМИЈА, А МИСИЈАТА НА КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА Е СЕКОГАШ ДА ЈА ОБЕЗБЕДИ ПОТРЕБНАТА ПОМОШ И ПОДДРШКА!" - ИЗЈАВИЈА ОД КОЖУВЧАНКА ДОО.

ЗАТОА, ДЕНЕС, КОЖУВЧАНКА ОД КАВАДАРЦИ ДОНИРАШЕ 10.000 ЛИТРИ ИЗВОРСКА ВОДА НА АРМИСКИОТ ПОЛИГОН КРИВОЛАК.



ДА ГО ЧУВАМЕ И НЕГУВАМЕ СВОЕТО И ДА ГО ВРАТИМЕ СТАТУСОТ НА КРИВОЛАК КАКО ЦЕНТАР ЗА АРМИСКА ОБУКА СО ПОЛН КАПАЦИТЕТ, КОЈ ЌЕ ИМ ПОНУДИ НА ИЛЈАДНИЦИ ВОЈНИЦИ МЕСТО ЗА ВЕЖБИ.

# КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024

- ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА "ТИ СПИЕШ, ТЕБЕ ТИ СЕ СПИЕ".
- СПОРТСКИ ИГРИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД И МНОГУ НАСМЕАНИ ДЕТСКИ ЛИЦА.
- ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА "СРЕЌЕН МРТОВЕЦ".
- ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА "УМЕТНОСТА - МОСТ НА ПОВРЗУВАЊЕ НА НАРОДИТЕ", НА КОЈА ПРЕКУ ЛИКОВНИ ДЕЛА БЕШЕ ПРЕТСТАВЕНА УМЕТНОСТА НА ТРИЕСЕТИНА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА.
- АНИМИРАН ФИЛМ "АВАНТУРИТЕ НА БИБИ И БОБИ - ВОЛШЕБНАТА ШУМА".
- ЛАКРДИИТЕ НА ПАЈА ВЕЧЕРВА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ!
- ВЕЧЕРВА ГОЛЕМ БРОЈ НАСМЕАНИ ЛИЦА НА ДЕТСКАТА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА „ЗАБОРАВЕНИТЕ ИГРАЧКИ НА ЈОВАНА"
- ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ 2024 ГОДИНА!

ТРАДИЦИЈА КОЈА СЕ НЕГУВА И ТРАЕ.

ТРИДНЕВНИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ, НА КОИ ПРЕТХОДЕШЕ ФОЛКЛОРНО ДЕФИЛЕ НИЗ УЛИЦИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, ПО ШТО СЛЕДУВАА НАСТАПИ НА ФА ТИКВЕШ, ФС ВАХ, КОЧАЕЛИ ФОЛКЛОР СК, ФА МЕГДАН, И ФА КЕРАМИЧАР. ФОЛКЛОРНИТЕ СРЕДБИ ТРАЕА ТРЕ ДЕНА, И ТОА СО УЧЕСНИЦИ ОД ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ ОД МАКЕДОНИЈА, ПОКРАЈ НАШИОТ ФОЛКЛОРЕН АМБАСАДОР АНСАМБЛ ТИКВЕШ, ИМАМЕ ГОСТИ И ОД ШТИП, ВЕЛЕС, ДЕМИР КАПИЈА, БОГДАНЦИ И РАДОВИШ, КАКО И ОД ТУРЦИЈА, СЛОВАЧКА, ЦРНА ГОРА И СРБИЈА.












# КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ 2024

- „САКАМ КОГА МИ ЧИТААТ МАМА И ТАТО"

ИМПРОВИЗИРАНА ЧИТАЛНА ЗА НАШИТЕ НАЈМЛАДИ, ВО СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН КАВАДАРЦИ.
ПРЕД ДЕЦАТА И РОДИТЕЛИТЕ БЕА ДОСТАПНИ НАЈНОВИТЕ И НАЈПОПУЛАРНИ СЛИКОВНИЦИ, КОИ ЗАЕДНО ГИ РАЗГЛЕДУВАА И ЧИТАА.

- НАСМЕАНИ И ВЕДРИ ЛИЦА ВЕЧЕРВА НА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА МЛАДИ И ДЕЦА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ.
- ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА ОД АВНИ БЕХЛУЛИ, РЕПУБЛИКА КОСОВО.
- ЗАБАВНИОТ ТУРИСТИЧКИ ВОЗ „ГРОЗДОБЕРКО" ПОВТОРНО ГИ РАДУВА НАЈМАЛИТЕ И НАЈМИЛИТЕ.
- ВТОРА ГОДИНА ПО РЕД ФЕСТИВАЛ НА ЧАЛГИСКА МУЗИКА ВАТАША 2024 ГОДИНА.

ЦЕЛАТА МАКЕДОНСКА ЧАЛГИСКА ФЕЛА НА ЕДНО МЕСТО, ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ. ГРАЃАНИТЕ УЖИВАА ВО ИЗВОНРЕДНИОТ ЗВУК НА ОВОЈ ТИП НА МУЗИКА КОЈ ВЕЌЕ ТРАДИЦИОНАЛНО Е ДЕЛ ОД КАВАДАРЕЧКИОТ СТРИТ ФЕСТ!

- ЗАБАВА СО КИКИ БЕНИТО.
- НАСТАП НА ГРУПИТЕ ОД НАШЕТО БАЛЕТСКО СТУДИО „ВЕНУС".
- ВО СОРАБОТКА СО РОДНОКРАЈЦИ, ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА МИНИ ЛИКОВНА ДЕТСКА КОЛОНИЈА.
- ЛИКОВНИТЕ ДЕЛА ОД МИНИ ДЕТСКАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА БЕА ИЗЛОЖЕНИ ВЕЧЕРВА НА ПРОДАЖБА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.

СРЕДСТВАТА ОД ИСТАТА ЌЕ БИДАТ НАМЕНЕТИ ЗА ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ.

- БАБИНИ ИГРИ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ! ИМ ПРУЖИВМЕ НЕЗАБОРАВНА ВЕЧЕР НА НАЈМЛАДИТЕ И НАЈМИЛИТЕ.
- IQ UP - KAVADARCI ВО СКЛОП НА КАВАДАРЕЧКИ СТРИТ ФЕСТ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ЗА НАЈМЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ОРГАНИЗИРАШЕ

НИЗА НЕСЕКОЈДНЕВНИ И ВОЗБУДЛИВИ АКТИВНОСТИ:
ПРОШЕТКА ПО ВСЕЛЕНАТА СО ОЧИЛА ЗА ВИРТУЕЛНА РЕАЛНОСТ
НАБЉУДУВАЊЕ НА МЕСЕЧИНАТА СО ВИСТИНСКИ ТЕЛЕСКОП
ИЗРАБОТКА НА СОНЧЕВ СИСТЕМ
ЛАНСИРАЊЕ НА РАКЕТИ (МАКЕТА)
ЕКСПЕРИМЕНТ - СТЕЛАРНА ЕРУПЦИЈА








# ТППЕ КАВАДАРЦИ

ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ЗА ЖАЛ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БЕШЕ ЗАФАТЕНА ОД ПОВЕЌЕ ПОЖАРИ, КОИ ИЗБИЈА И ВО ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НО ЗА СРЕЌА СЕКОГАШ НА ТЕРЕН НАВРЕМЕНО БЕА НАШИТЕ ПОЖАРНИКАРИ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ, ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. СЕ ИНТЕРВЕНИРАШЕ СЕКАДЕ КАДЕ ШТО БЕШЕ ПОТРЕБНО, ВО СЕКОЈА ОПШТИНА, СЕЛО, ПЛАНИНА, СЕ ДОДЕКА НЕ СЕ ПОСТИГНА КРАЈНАТА ЦЕЛ – ГАСНЕЊЕ НА ОГНЕНИТЕ СТИХИИ КОИ ДВЕ НЕДЕЛИ ПОСТОЈАНО СЕ ШИРЕА И ЗГОЛЕМУВАА.

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ПРЕМИЕРОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРОФ.ДР. ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, БЕШЕ ФОРМИРАН И РЕГИОНАЛЕН КРИЗЕН ШТАБ СО КОЈ РАКОВОДИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. СО МЕРКИТЕ КОИ БЕА ПРЕВЗЕМЕНИ ЗАЕДНО СО МИНИСТРИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ И ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ И ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ОПШТИНИ, КАКО И СО РЕСУРСИТЕ КОИ БЕА НА РАСПОЛАГАЊЕ ОД АРМ, МВР, ЦУК, ДЗС, ТППЕ ОД СИТЕ ОПШТИНИ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ВОЗДУХОПЛОВСТВО И СО ОНИЕ КОИ БЕА ДОЈДЕНИ НА ПОМОШ ОД СТРАНА, УСПЕА СО НАВРЕМЕНО ЛОКАЛИЗИРАЊЕ ДА СЕ ИЗГАСНАТ ПОЖАРИТЕ ВО РАДОВИШ, НЕГОТИНО И НЕГОТИНСКО, А ДРУГИТЕ ПОЖАРИ ВО ШТИП КАЈ СЕЛАТА ПУХЧЕ И СЕЛЦЕ.ИСТО ТАКА ПОЖАРИТЕ КАЈ ГРАДСКО, СЕЛО ПОДЛЕС, РОСОМАН КАЈ СЕЛО СИРКОВО, СЕЛО МРЗЕН И ФАРИШ, ЧАШКА КАЈ ГОРНО И ДОЛНИ ЈАБОЛЧИШТЕ И ПЛАНИНА ЛИСЕЦ.ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ЗА МАКСИМАЛНАТА ПОДДРШКА И БРЗАТА РЕАКЦИЈА ОД СТРАНА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДО АРМ, МВР, ЦУК И ДЗС, КАКО И ДО ТППЕ ОД СИТЕ ЗАСЕГНАТИ ОПШТИНИ, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, НАШИТЕ ЖИТЕЛИ И ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ КОИ НЕУМОРНО И ИСТРАЈНО РАБОТЕА ВО БОРБАТА ПРОТИВ ПОЖАРИТЕ. ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ И ДО НАШИТЕ ПИЛОТИ ОД АРМ, МВР, ДЗС, НО И ПИЛОТИТЕ КОИ БЕА НА ТЕРЕН ПОКРАЈ НАС, ОД СОСЕДНИТЕ ПРИЈАТЕЛСКИ ДРЖАВИ.
ЗА СРЕЌА ШТЕТИТЕ КОИ БЕА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПОЖАРИТЕ СЕ НЕЗНАЧИТЕЛНИ, ОДНОСНО НЕМАМЕ ИЗГУБЕНО ШУМА ОД ВИСОК КАРАКТЕР, ТУКУ ПРЕТЕЖНО ГРМУШКИ, СУВА ТРЕВА И СМРЕКИ.
И ШТО Е НАЈВАЖНО, НА ЦЕЛОКУПНАТА ТЕРИТОРИЈА КАДЕ ИЗБУВНАА ОВИЕ ПОЖАРИ НЕМА МАТЕРИЈАЛНИ ШТЕТИ, НИТУ ПАК ПОСЛЕДИЦИ ПО ДОМОВИТЕ И ДОМАЌИНСТВАТА НА ГРАЃАНИТЕ.












# КУЛТУРА

СО СВЕЖО ЦВЕЌЕ ДЕНЕС БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 130 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕ-ТО НА ПРВИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИ-ЗАЦИЈА (ТМОРО) КАВАДАРЦИ.



СО ПОЛАГАЊЕ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕН БИСТАТА ВО СЕЛО МАРЕНА МУ СЕ ОДДАДЕ ДОСТОИНСТВЕНА ПОЧИТ И БЕА ОДБЕЛЕЖАНИ 23 ГОДИНИ ОД УБИСТВОТО НА ВОЈНИКОТ БЛАШКО ТОЛЕВ.
ВЕЧНА МУ СЛАВА.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева
**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk